Почитувани,

Ве известуваме дека Министерството за здравство во соработка со Јавните здравствени установи од 7 април 2015 година започна со активности за спроведување на Националната програма за рано откривање на рак на дојка. Мамографскиот скрининг ќе се изведува во сите јавни здравствени установи кои имаат апарат за мамографија. За таа цел ќе се повикуваат асимптоматски жени кои не направиле мамографска контрола последните две години и се на возраст од 50-69 години.
Во таа насока сакаме да Ви ги пренесеме информации кои би помогнале во поуспешно спроведување на Програмата:

- По извршениот мамографски преглед, жената добива писмено известување за наодот од снимањето
- За сите Ваши пациентки кои биле на мамографски скрининг имате увид во извештајот од прегледот (во системот Мој термин). За оваа опција во прилог Ви доставуваме упатство за користење.
- Ваша обврска е да ги упатите Вашите пациентки за кои во извештајот се дадени насоки за натамошни упатувања. Овој број на пациентки не би требало да биде голем, но е од огромна важност да бидат навремено упатени.
- Упатувањето кон ЕХО или дополнителни мамографски проекции треба да биде кон истата установа каде што е направена мамографијата. Заедно со упатот на пациентот да му се даде и испечатен извештајот од мамографскиот преглед.
- Асимптоматските жени на возраст од 50-69 години да **<u>не</u>** се упатуваат на мамографски преглед бидејќи истите ќе бидат повикувани во скрининг програмата
- **Асимптоматски жени** без клиничка слика за промена во дојка на возраст од **40-49 години** ако сметате дека треба да се упатат, да се упатуваат со упат со дијагноза по МКБ 10 **- Z 12** „Специјален скрининг за неоплазма на дојка“. Оваа услуга да **не** се користи кај жени помлади од 40 год.
- **Жени помлади од 40 со позитивен клинички наод** и **жени на сите возрасни со позитивен клинички наод** да се упатуваат согласно клиничка слика односно симптоми и тоа:
  - Палпабилна тврдина суспектна за карцином во рок од 1 недела со упат со дијагноза по МКБ 10 C 50 до ЈЗУ со мамомат
  - Палпабилна тврдина суспектна за циста или др. неозначен тумор во рок од 2 недели со упат со дијагноза по МКБ 10 N 60, N 63
  - Воспаление на дојка во рок од 1 недела со упат со дијагноза по МКБ 10 N 61
  - Мастодинија со редовно закажување со упат со дијагноза по МКБ 10 N 64

За сите прашања околу мамографскиот скрининг може да се обратите на адресата mamografijaskrining@zdravstvo.gov.mk или на телефонот 071 235 685.

Ви благодариме на соработката!

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА РАНА ДЕТЕКЦИЈА НА МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА

- Скрининг за карцином на дојка